Врз основа на член 13 став 7 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 158/11 и 185/11), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА БОДИРАЊЕ НА ПИСМЕНИОТ ДЕЛ ОД СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧИ ОД ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за бодирањето на писмениот дел од стручниот испит за проценувач од областа на информ атичка технологија

Член 2

Писмениот дел од стручниот испит за проценувачи се состои од два дела тест и изработка на практичен пример од соодветната област.

Член 3

(1) Тестот од писмениот дел од стручниот испит за проценувачи се состои од 30 прашања од следните области:

- Две прашања од областа на Законот за процена,
- Шеснаесет прашања од областа на ИТ,
- Десет прашања од областа на техники на процена,
- Две прашања од областа на известување од извршена процена

(2) Секое прашање од областите од став (1), алинеи 1, 2 и 4 на овој член се вреднува по 3 бода.

(3) Секое прашање од областа од став (1) алинеја 3 на овој член се вреднува по 4 бода.

(4) Кандидатот може да добие најмногу 100 бода на тестот.

Член 4

Кандидатот се смета дека го положил писмениот испит ако има вкупно најмалку 65 бода и најмалку половина од бодовите за секоја област од член 3 став 1 алинеи 2 и 3 од оваа програма.

Член 5

(1) Вториот дел од испитот се состои во решавање на примери од областа на процената информатичка технологија. Секој пример се вреднува со соодветен број на бодови така што вкупниот број на бодови на тестот изнесува 100.

(2) Прагот на положување на вториот дел од стручниот дел од испитот за проценувач е минимум 65 од вкупните 100 бода.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14/2-1108/2
02.03.2012 година
Скопје

Министер за информатичко општество
и администрација,
**м-р Иво Ивановски,** с.р.